Република Македонија
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

**Скопје, август 2018 година**

I ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за спречување на корупцијата, кој е донесен во 2002 година, уредени се мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката, мерките и активностите за спречување на корупцијата при вршењето работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на јавните овластувања, како и мерките и активностите за спречување на корупцијата во трговските друштва.

За примена на мерките и активностите од Законот за спречување на корупцијата, со Законот основана е Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), како колегијално тело со седум члена во својот состав, самостојно и независно во вршењето на работите определени со закон и со својство на правно лице.

Членовите на ДКСК ги именува Собранието на Република Македонија со мандат од четири години со право на уште едно именување.

Од редот на членовите во својот состав, ДКСК избира претседател со мандат од една година со право на уште едно именување.

Согласно постојните законски одредби за член на ДКСК може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија и да има постојано место на живеење во Република Македонија и
- да има високо образование од областа на правните и финансиски работи и антикорупцијата, да ужива углед во вршењето на функцијата и најмалку осум години работно искуство.

Собранието на Република Македонија го објавува огласот за именување на членови на ДКСК. Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија подготвува предлог на листа од пријавените кандидати и ја доставува до Собранието на Република Македонија.

Членовите на ДКСК имаат статус на именувани лица, а својата функцијата ја вршат професионално.

Законот за спречување на корупцијата ги уредува и условите и постапката за разрешување на претседателот и членовите на ДКСК. Така, Собранието на Република Македонија го разрешува членот на Државната комисија пред истекот на мандатот по предлог на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, ако:

- сам го побара тоа;
- е осуден за кривично дело за кое му е изречена ефективна казна затвор во траење повеќе од шест месеца; и
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата.

Исполнувањето на условите за разрешување ги утврдува Државната комисија

со мнозинство гласови од вкупниот број членови и поднесува иницијатива за разрешување на член на ДКСК до Собранието на Република Македонија.

Кога член на ДКСК е разрешен согласно со одредбите од Законот, Собранието на Република Македонија објавува оглас за именување за член на Државната комисија со мандат во траење до истекот на мандатот на разрешениот член.

Претседателот на ДКСК пред истекот на неговиот мандат за претседател може да биде разрешен по негово барање, во кој случај, ДКСК избира претседател за остатокот на мандатот на разрешениот претседател.

Европската комисија забележува на тоа дека за ДКСК имплементирањето политика од значење за превенција на корупцијата се уште претставува предизвик и дека е потребно зајакнување на ефикасноста и независноста во нејзиното работење. Понатаму, Европската комисија укажува на потребата за реформа во анти-корупциската институционалната рамка за што е потребно подобрување на законската регулатива.[1]

На 1-ви март 2018 година, по објавувањето на наводите за ненаменско трошење на буџетски средства во ДКСК, забелешки и препораки од внатрешен ревизиорски извештај, Јавното обвинителство на Република Македонија објави известување дека Основното јавно обвинителство Скопје оформи предмет по допрен глас за трошењето на буџетски средства од страна на членовите на Државната комисија за спречување на корупција.

По поднесените оставки од страна на пет членови на ДКСК, на 19-ти март 2018 година Собранието на Република Македонија донесе одлука со која од функцијата се разрешени пет членови на ДКСК.

По донесувањето на горенаведената одлука, а предвид тоа што, согласно член 51 од Законот за спречување на корупцијата, работите од својата надлежност ги врши на седница на која присуствуваат повеќе од половината членови, ДКСК е нефункционална.

На 29.03.2018 година на веб-страницата на ДКСК е објавено известување со кое јавноста се известува дека дека со оглед на донесената одлука за разрешување на членови на ДКСК, во претстојниот период нема можност да одлучува и решава по однос доставените барања и пријави од странките.

Експертските извештаи во врска со постојните одредби кои се однесуваат на моделот, критериумите и постапката за избор и разрешување на членовите во состав, надлежностите, ефикасноста во работењето, транспарентноста, отчетноста и линиите на одговорност на ДКСК, укажуваат на потребата за изменување и дополнување на постојниот Закон за спречување на корупцијата, а со цел зајакнување на независноста и ефикасноста во работењето на ДКСК, особено преку исклучување на можностите за политичко влијание.

Како што Европската комисија забележува во Извештајот за напредокот на Република Македонија, 2015 година, ДКСК, иако формално е независна, редовно е критикувана за недостатокот од политичка волја (кај членовите во нејзиниот состав) за борба против корупцијата на проактивен, независен и неселективен начин.

---

[1] Извештај за напредокот на Република Македонија од 2018 година

Понатаму, во Извештајот за напредокот на Република Македонија, 2016 година, забележано е дека на ДКСК недостига функционална независност („процесот на селекција и именување на нејзините членови не е транспарентен и изгледа како да фаворизира политичка лојалност, а не професионализам и интегритет") и се укажува на потребата за ревизија на статусот и составот на ДКСК, во правец на поголема транспаретност, базираност на заслуги и независност од политичките партии. [2]

Довербата на јавноста во ДКСК бележи континуиран пад. Според резултатите од теренска анкета спроведена за извештајот „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, октомври – декември 2017 година"[3], :

- 63,7% од вкупниот број испитаници сметаат дека ДКСК ги штити интересите на поединци (приватен интерес на политичари, избрани и именувани лица), наспроти 12,7% кои веруваат дека ги штити интересите на граѓаните.
- 72% од вкупниот број испитаници сметаат дека во медиумите нема доволно информации за ДКСК.
- за 77,6% од вкупниот број испитаници информациите коишто се достапни во медиумите не им овозможуваат да се информирани за работата на ДКСК.

Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата, ратификувана со Закон за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата („Службен весник на Република Македонија" број 37/2007), со одредбите од Глава II „Превентивни мерки", меѓу другото, ги обврзува односно упатува државите страни, во согласност со основните принципи на нивниот правен систем:

- да подготвуваат и применуваат или следат политики за ефикасна превенција на корупцијата (член 5);
- да осигурат постоење на тело или тела кои ќе превенираат корупција со имплементација, надзор и координација на политики за ефикасна превенција на корупцијата и со зголемување и дисеминација на знаење за превенција на коруцпијата (член 6 став 1);
- на органите овластени за превенција на корупцијата да им доверат потребна независност, материјални извори и потребни специјализирани лица, за да им се овозможи ефикасно водење на нивните функции заштитени од било какви прекумерни влијанија (член 6 став 2);

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Основна цел на предложениот закон е зајакнување на ефикасноста и независноста на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Целта на носењето на овој закон е и постигнување на поефикасна превенција и борба против корупцијата.

---

[2] Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, 2016 година, стр. 15

[3] http://www.mcms.mk/images/docs/2018/sledenje-na-dksk-kvartalen-izveshtaj-br-5.pdf

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата не предизвикува нови фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија, надвор од постојните.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## V. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

/

ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Член 1

Во Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10, 97/15 и 148/15), по членот 8 се додава нов член 9 кој гласи:

„**Следење на финансирање на политичките партии**

Член 9

(1) Државната комисија е надлежна да ја следи и утврдува законитоста на финансирањето на политичките партии.

(2) Во случај на постоење на сомневање за незаконито финансирање на политичка партија, Државната комисија по сопствена иницијатива презема мерки за утврдување на фактичката состојба.

(3) Доколку утврди дека сомневањата од ставот (2) на овој член се основани, Државната комисија ќе поведе постапка за утврдување на фактичката состојба и ќе иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежни органи.”

Член 2

Во членот 33 во ставот (1) по зборовите “државен капитал,” се додаваат зборовите “нотари или извршители,”.

Член 3

Во член 47 во ставот (2) по зборовите „е составена од“ се додаваат зборовите „претседател и четири“, а зборот „седум“ се брише.

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:

„(3) Државната комисија има Секретаријат како стручна служба на Државната комисија.

(4) Со Секретаријатот раководи генерален секретар.“

Член 4

Насловот пред членот 48 се менува и гласи:

„**Именување на претседател и на членови на Државната комисија**“.

Членот 48 се менува и гласи:

„Член 48

(1) Претседателот и членовите на Државната комисија ги именува Собранието на Република Македонија со мандат од пет години, без право на повторен избор во наредните пет години.

(2) Од редот на членовите именувани според ставот (1) на овој член, претседателот и членовите на Државната комисија избираат заменик-претседател со мнозинство гласови, по принципот на ротација на секои шест месеци.“

Член 5

Насловот пред членот 48-а се менува и гласи:

**„Услови за именување претседател и членови на Државната комисија“**

Членот 48-а се менува и гласи:

## АЛТЕРНАТИВА 1

„Член 48-а

(1) За претседател на Државната комисија може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија и да има постојано место на живеење во Република Македонија;
- да има високо образование од областа на правните, политичките или економските науки;
- да има најмалку петнаесет години работно искуство во професијата, од кои што најмалку десет години работно искуство во областа на спречување на корупцијата, владеење на правото или доброто управување;
- да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност сврзани со стекнување, располагање, користење, управување и ракување со имот;
- во последните десет години да не бил пратеник, член на Влада и да не вршел функција во органи на политичка партија; и
- да даде изјава дека ќе прифати постапка за проверка на интегритетот, доколку биде ибран.

(2) За член на Државната комисија може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија и да има постојано место на живеење во Република Македонија и
- да има високо образование од областа на правните, политичките или економските науки;
- да има најмалку дванаесет години работно искуство во професијата, од кои најмалку осум години работно искуство во областа на спречување на корупцијата, владеење на правото или доброто управување;
- да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност сврзани со стекнување, располагање, користење, управување и ракување со имот;
- во последните десет години да не бил пратеник, член на Влада и да не вршел

функција во органи на политичка партија; и

- да даде изјава дека ќе прифати постапка за проверка на интегритетот, доколку биде избран.“

## АЛТЕРНАТИВА 2

„Член 48-а

(1) За претседател на Државната комисија може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија и да има постојано место на живеење во Република Македонија;
- да има високо образование од областа на правните, политичките, економските или комуниколошките науки;
- да има најмалку десет години работно искуство по завршување на високото образование,
- да има искуство во откривање на случаи на корупција, во спречување на корупцијата, во областа на владеење на правото или во областа на доброто управување;
- да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност сврзани со стекнување, располагање, користење, управување и ракување со имот;
- во последните десет години да не бил пратеник или член на Влада и да не вршел функција во органи на политичка партија; и
- да даде изјава дека ќе прифати постапка за проверка на интегритетот, доколку биде ибран.

(2) За член на Државната комисија може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија и да има постојано место на живеење во Република Македонија и
- да има високо образование од областа на правните, политичките, економските или комуниколошките науки;
- да има најмалку осум години работно искуство по завршување на високото образование
- да има искуство во откривање на случаи на корупција, во спречување на корупцијата, во областа на владеење на правото или во областа на доброто управување;
- да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност сврзани со стекнување, располагање, користење, управување и ракување со имот;
- во последните десет години да не бил пратеник или член на Влада; и
- да даде изјава дека ќе прифати постапка за проверка на интегритетот,

доколку биде ибран.“

Член 6

Членот 48-б се менува и гласи:

**„Постапка за избор на претседател и членови на Државната комисија**

Член 48-б

(1) Претседателот и членовите на Државната комисија се избираат на јавен оглас кој што го објавува Собранието на Република Македонија.

(2) Постапката за ибор на членови на Државната комисија започнува најмалку три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови и ја спроведува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

(3) Собранието на Република Македонија ги о објавува огласите за именување на претседателот и членовите на Државната комисија во „Службен весник на Република Македонија” и во најмалку три дневни весника кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците кои се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. Огласот се објавува на интернет страницата на Собрание на Република Македонија и на Државната комисија.

(4) Огласот од ставот (3) на овој член трае 15 дена од денот на неговото објавување во “Службен весник на Република Македонија”.

(5) По истекот на рокот за пријава на кандидатите од ставот (4) на овој член, а во рок од 10 дена, Комисијата за за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија врши проверка на исполнетост на условите од членот 48-а на овој закон и сочинува листи на кандидати кои ги исполнуваат условите.

(6) Листата на пријавени кандидати за претседател на Државната комисија и листата на пријавени кандидати за членови на Државната кмисија во целост се објавуваат на веб-страницата на Собранието, со податоци за исполнетоста на условите од членот 48-а на овој закон.

(7) Во рок од десет дена од утврдувањето на листата на кандидати кои ги исполнуваат условите од членот 48-а на овој закон, се организира интервју на кандидатите за претседател на Државната комисија и на кандидатите за членови на Државната комисија. Интервјуто се пренесува на Собраниски канал.

(8) Интервјуто од ставот (7) на овој член го спроведува Комисијата за за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

(9) Постапката за вршење на интервјуто од од ставот (7) на овој член ја утврдува со акт донесен од Собранието на Република Македонија.

(10) Најмалку седум дена пред организирање на интервју на кандидатите, на веб-страницата на Собранието на Република Македонија се објавува повик со граѓански организации со искуство во областите владеење на право, добро управување и спречување на корупцијата и новинарски здуженија да учествуваат во интервјуто од ставот (7) на овој член согласно ставот (11) на овој член.

(11) Секоја граѓанска организација со искуство од најмалку пет години во областа на владеење на правото, добро управување и спречување на корупцијата и секое здружение на новинари кое е регистрирано повеќе од пет години има право да номинира свој претставник кој ќе учествува во интервјуто од ставот (7).

(12) Учесниците во интервјуто од ставот (7) на овој член имаат право да поставуваат прашања на кандидатите.

(13) Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија утврдува единствена предлог листа за претседател и членови на Државната комисија, со образложение за секој кандидат, и ја доставува до Собранието на Република Македонија.

(14) Доколку Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија не ја утврди листата од ставот (13) на овој член, постапката за избор на претседателот и членовите на Државната комисија се повторува во рок од 30 дена.

(15) Во постапката за избор на претседател и на членови на Државната комисија се земаат предвид принципот на соодветна и правична застапеност и принципот на подеднаква родова застапеност."

Член 7

Членот 48-в се менува и гласи:

**"Престанок на мандатот и разрешување на претседателот и членовите на Државната комисија**

Член 48-в

(1) На претседателот и на член на Државната комисија пред истекот на неговиот мандат за претседател односно член на Државната комисија функцијата им престанува, ако:

- сам го побара тоа;
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата, што го утврдува Собранието на Република Македонија;
- е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци;
- со смрт.

(2) Собранието на Република Македонија во случаите од ставот (1) на овој член,

констатира престанок на функцијата.

(3) Собранието на Република Македонија го разрешува претседателот односно членот на Државната комисија пред истекот на мандатот по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, ако е исполнет еден од условите:

- дополнително се утврди дека не ги исполнува условите за негово именување од членот 48-а на овој закон;

- стори потешка повреда на одредбите од овој закон, етичкиот кодекс и деловникот за работа на Државната комисија.

(4) За постоењето на причини за престанок на функција или разрешување на претседтаелот или на член на Државната комисија пред истекот на мандатот, претседателот, а во случај на негово разрешување заменик-претседателот, е должен да го извести Собранието на Република Македонија.

(5) Условите за разрешување од ставот (3) на овој член го утврдува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и му предлага на Собранието на Република Македонија да го разреши претседателот односно членот на Државната комисија.

(6) Доколку мандатот на претседателот односно членот на Државната комисија му престане или е разрешен од функцијата пред истекот на мандатот, Собранието на Република Македонија, без одложување поведува постапка за избор на нов претседател односно член на Државната комисија со мандат во траење од пет години.“

Член 8

Членот 48-г се менува и гласи:

**„Статус на претседателот и на членовите на Државната комисија**

Член 48-г

(1) Претседателот и членовите на Државната комисија имаат статус на именувани лица.

(2) Претседателот и членовите на Државната комисија функцијата ја вршат професионално и со полно работно време.

(3) На претседателот и на членовите на Државната комисија висината на платата и другите надоместоци им се утврдува во согласност со законот со кои се утврдуваат платите на избраните и именувани лица.

(4) Доколку претседателот односно член на Државната комисија до денот на именувањето бил во работен однос, од денот на именувањето до денот на престанокот на нивниот мандат на функцијата претседател односно член на Државната комисија работниот однос им мирува.“

Член 9

Членот 48-е станува нов член 48-д.

Член 10

Членот 48-ѓ се менува и гласи:

„Член 48-ѓ

(1) Генералниот секретар и вработените во Секретаријатот на Државната комисија имаат статус на административни службеници.

(2) Генералниот секретар го избира Државната комисија со мнозинство гласови.

(3) За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на вработените од ставот (1) на овој член кои не се уредени со овој закон и со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за административни службеници и општите прописи за работни односи.“

Член 11

Членот 48-ж се брише.

Член 12

Членот 49 се менува и гласи:

„ Член 49

(1) Државната комисија ги има следниве надлежности:

- донесува национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси и акционен план за нејзино остварување, кои ги подготвува врз основа на претходна анлиза за ризиците за корупција и согласно методологија која ја изготвува пред започнување на процесот за нивна подготовка;

- донесува годишни програми и планови за остварување на државната програма;

- дава мислења за предлози на закони од значење за спречување на корупцијата;

- покренува иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на политичките партии, синдикатот и здруженијата на граѓани и фондации;

- покренува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување, или примена на други мерки на одговорност на избрани или именувани лица, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал;

- покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани лица, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи  и други правни лица што располагаат со државен капитал;

- постапува во случаи на судир на јавниот и личниот интерес, определени со закон;

- ја евидентира и следи имотната состојба и промените на имотната состојба на избраните и именуваните лица, и одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал, на начин утврден со овој закон;

- води постапка за контрола на финансирањето на политичките партии од непознати извори на средства;

- покренува иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење во предметите по кои постапува по извештаите на Државниот завод за ревизија за контрола на постапки кои укажуваат на незаконитости во материјално-финансиското работење на буџетски корисници;

- води регистар на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал;

- подготвува анализи за ранливост од корупција во различни сектори;

- презема активности во насока на јакнење на личниот и институционалниот интегритет;

- донесува Деловник за работа;

- поднесува годишен извештај за својата работа и за преземените мерки и активности до Собранието на Република Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година, а го доставува до претседателот на Републиката, Владата на Република Македонија и средствата за јавно информирање;

- соработува со други државни органи во спречување на корупцијата;

- по барање на Собранието на Република Македонија, поднесува извештај за својата работа и за период пократок од една година;

- соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни организации на полето на спречување на корупцијата;

- презема активности на планот на едукацијата на органите, надлежни за откривање и гонење на корупцијата и другите видови на криминал;

- врши и други работи определени со закон;

- донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот; и

- донесува етички кодекс на членовите на Државната комисија и вработените во Секретаријатот на Државната комисија.

(2) Државната комисија ја известува јавноста за преземените мерки и активности и за нивните резултати.

(3) Државната комисија ја поготвува националната стратегија од став (1) алинеја 1 на овој член со учество на претставници од органи на државната власт, органи на државната управа, други институции, здруженија, фондации и медиуми и ја доставува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

(4) Државната комисија го следи спроведувањето на мерките од националната стратегија од став (1) алинеја 1 на овој член и подготвува годишен и завршен извештај за нејзиното спроведување кои ги доставува до Собранието на Република Македонија најдоцна до 31 март за претходната година.

(5) Собранието на Република Македонија ги разгледува и усвојува извештаите за работата на Државната комисија поднесени согласно став (1) алинеи 15 и 16 на овој

член.“

Член 13

Насловот пред членот 50 се менува и гласи:

„**Права, должности и одговорности на претседателот и членовите**“

Членот 50 се менува и гласи:

„Член 50

(1) Претседателот и членовите на Државната комисија имаат својство на именувано лице.

(2) Претседателот на Државната комисија ја претставува и застапува Државната комисија и ја води и организира нејзината работа.

(3) За својата работа претседателот и членовите на Државната комисија одговараат пред Собранието на Република Македонија.“

Член 14

Членот 50-а се менува и гласи:

„Член 50-а

(1)Претседателот и членот на Државната комисија анкетниот лист, пријавата за промена на имотната состојба ги доставува до Државната комисија во иста постапка како и другите избрани и именувани лица.

(2) Одредбите од овој закон кои се однесуваат на роковите за доставување на анкетниот лист и пријавата за промена на имотната состојба соодветно се однесуваат и за членот на Државната комисија.

(3) Постапката за проверка на анкетниот лист и пријавата за промена на имотната состојба доставени од претседателот и членовите на Државната комисија задолжително се спроведува секоја година.

(4) Постапката од ставот (3) на овој член ја води претседателот на Државната комисија, а за исходот од проверката го известува претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

(5) Барање за испитување на имотната состојба на член на Државната комисија согласно со членот 36 од овој закон до Управата за јавни приходи може да поднесе Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.“

Член 15

По членот 53-а се додаваат два нови члена 53-б и 53-в кои гласат:

„**Барања на податоци од банки и други финансиски институции**

Член 53-б

(1) Државната комисија може да побара податоци за физички и правни лица од банки и други финансиски институции.

(2) Доставувањето на бараните податоци од ставот (1) на овој член, не претставува повреда на банкарска тајна.

Член 53-в

(1) Надлежните органи до кои се покренати иницијативи од член 49 став (1) алинеји 6, 9 и 10 од овој закон, се должни да ја известат Државната комисија за донесените одлуки по истите.

(2) На барање на Државната комисија надлежните органи се должни да дадат информација за текот на постапувањето по иницијативите по кои се уште не е донесена одлука.“

Член 16

Нотарите и извршителите се должни во рок од 30 дена од стапување во сила на овој закон да пополнат анкетен лист и да постапат согласно член 33 од законот.

Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот за донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за спречувањето на корупцијата содржи одредби со кои се во правец на зајакнување на ефикасноста и транспаретноста во работењето на ДКСК и во правец на уредување транспарентна постапка за избор и именување на претседател и членови на ДКСК, а прецизирање на постапката за нивно разрешување.

Предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за спречувањето на корупцијата е во правец на:

- намалување на бројот на членови во состав на ДКСК;
- менување и уредување на условите и постапката за избор, именување и разрешување на претседателот и членовите во состав на ДКСК;
- утврдување петгодишен мандат на претседателот и на членовите во состав на ДКСК;
- воведување избор на заменик-претседател од редот на членовите во состав на ДКСК;

- прецизирање на надлежностите на ДКСК и одредбите за нејзината извештајност и отчетност;
- воведување задолжителна годишна проверка на имотната состојба на претсеателот и членовите на ДКСК во постапка која ја води претседателот на ДКСК;
- прецизирање на должноста за повратно известување на ДКСК од страна на надлежните органи во врска со покренати иницијативи од нејзина страна;
- овозможување ДКСК да побара податоци за физички и правни лица од банки и други финансиски институции.

Предложениот закон содржи 17 члена.

Со членот 1 од предложениот закон се утврдува надлежност на ДКСК да ја следи и утврдува законитоста на финансирањето на политичките партии, а во случај на постоење на сомневање за незаконито финансирање на политичка партија, по сопствена иницијатива да презема мерки за утврдување на фактичката состојба.

Со членот 2 се прецизира обврската за нотарите и извршителите да поднесуваат пополнет анкетен лист со детален опис на стекнат имот и изјава за откажување од банкарска тајна.

Со предложениот член 3 се намалува бројот на членови во состав на ДКСК од седум на четири.

Со членовите 4, 5 и 6 од предложениот закон се менуваат односно уредуваат условите и постапката за избор и именување на претседателот и членовите во состав на ДКСК; се утврдува петгодишен мандат на претседателот и на членовите во состав на ДКСК; и се воведува избор на заменик-претседател од редот на членовите во состав на ДКСК.

Со предложениот член 7 се менуваат односно уредуваат условите и постапката за разрешување на претседателот и членовите во состав на ДКСК.

Со членот 8 од предложениот закон се прецизираат одредбите кои го утврдуваат статусот на претседателот и на членовите на Државната комисија.

Со предложениот член 9 соодветно се поместува постојната одредба која се однесува обезбедувањето средства за извршување на функцијата на Државната комисија.

Со предложените членови 10 и 11 се прецизираат одредбите кои се однесуваат на стручната служба на ДКСК (Секретаријатот).

Со членот 12 и 13 од предложениот закон се прецизираат надлежностите на ДКСК, застапувањето, како и нејзнините должностите во врска со нејзината извештајност и отчетност, а надлежностите се дополнуваат со надлежноста која произлегува од предложениот член 1 (за нов член 9) - да покренува иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење во предметите по кои постапува по извештаите на Државниот завод за ревизија за контрола на постапки кои укажуваат на незаконитости во материјално-

финансиското работење на буџетски корисници.

Со предложениот член 14 се воведува задолжителна годишна проверка на имотната состојба на претсеателот и членовите на ДКСК во постапка која ја води претседателот на ДКСК;

Со членот 15 од предложениот закон се овозможува ДКСК да побара податоци за физички и правни лица од банки и други финансиски институции, а се прецизира должноста за повратно известување на ДКСК од страна на надлежните органи во врска со покренати иницијативи од нејзина страна.

Со предложениот член 16 се предвидува рок од 30 дена од стапување во сила на овој закон за исполнување на обрската од членот 33 од постојниот закон од страна на нотарите и извршителите.

Со предложениот член 17 се утврдува рок за стапување во сила за предложениот закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

(1) Транспарентна постапка за избор и именување на претседател и членови на ДКСК

(2) Надминување на непрецизностите во постапката за разрешување на претседателот и членовите во состав на ДКСК.

(3) Намалување на фискалните импликации за примена на Законот за спречување на коруцпцијата, во делот на плати и надоместоци за составот на ДКСК;

(4) Олеснување на проверката на имотот и имотната состојба и промените на имотот и имотната состојба односно на податоците од анкетните листови.

ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ МЕНУВААТ

Обврска за пријавување на имот
Член 33

(1) Избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, при изборот или именувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот или именувањето, пополнува анкетен лист со детален попис на недвижен имот, подвижни предмети од поголема вредност, хартии од вредност и побарувања и долгови, како и друг имот што е во негова сопственост, или сопственост на членовите на неговото семејство, со наведување на основот на стекнување на пријавениот имот и депонира заверена изјава од нотар за откажување од заштита на банкарска тајна во однос на сите сметки во домашни и странски банки.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член има обврска да пополни анкетен лист во рок од 30 дена по престанувањето на функцијата.

(3) Лицето од ставот (1) на овој член, анкетните листови од ставовите (1) и (2) на овој член и изјавата од ставот (1) на овој член ги доставува до Државната комисија и Управата за јавни приходи.

**Положба и состав**

Член 47

(1) Државната комисија е самостојна и независна во вршењето на работите определени со закон и има својство на правно лице.

(2) Државната комисија е составена од седум члена.

**Именување на членови на Државната комисија**

Член 48

(1) Членовите на Државната комисија ги именува Собранието на Република Македонија со мандат од четири години со право на уште едно именување.

(2) Од редот на членовите именувани според ставот (1) на овој член, Државната комисија избира претседател со мандат од една година со право на уште едно именување.

Член 48-а

За член на Државната комисија може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија и да има постојано место на живеење во Република Македонија и

- да има високо образование од областа на правните и финансиски работи и антикорупцијата, да ужива углед во вршењето на функцијата и најмалку осум години работно искуство.

Член 48-б

(1) Собранието на Република Македонија го објавува огласот за именување на членови на Државната комисија во “Службен весник на Република Македонија” и во најмалку два дневни весника, од кои еден од весниците што се издаваат е на македонски јазик и еден од весниците кои се издаваат на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Огласот од ставот (1) на овој член трае 15 дена од денот на неговото објавување во “Службен весник на Република Македонија”.

(3) При изборот на членовите на Државната комисија да се има предвид принципот за соодветна и правична застапеност.

(4) Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија подготвува предлог на листа од пријавените кандидати и ја доставува до Собранието на Република Македонија.

(5) На член на Државната комисија, од денот на именувањето до денот на престанокот на мандадот, како член на Државната комисија, ако е во работен однос,

работниот однос му мирува.

Член 48-в

(1) Претседателот на Државната комисија пред истекот на неговиот мандат за претседател може да биде разрешен по негово барање.

(2) Доколку претседателот е разрешен согласно со ставот (1) на овој член, Државната комисија избира претседател за остатокот на мандатот на разрешениот претседател.

Член 48-г

(1) Членовите на Државната комисија имаат статус на именувани лица.

(2) Членовите на Државната комисија функцијата ја вршат професионално.

(3) На членовите на Државната комисија висината на платата и другите надоместоци им се утврдува во согласност со законот со кои се утврдуваат платите на избраните и именувани лица.

Член 48-д

(1) Собранието на Република Македонија го разрешува членот на Државната комисија пред истекот на мандатот по предлог на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, ако:

- сам го побара тоа;
- е осуден за кривично дело за кое му е изречена ефективна казна затвор во траење повеќе од шест месеци и
- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата.

(2) Исполнувањето на условите за разрешување од ставот (1) на овој член ги утврдува Државната комисија со мнозинство гласови од вкупниот број членови и поднесува иницијатива за разрешување на член на Државната комисија до Собранието на Република Македонија.

Член 48-ѓ

Кога член на Државната комисија е разрешен согласно со одредбите од членот 48-д на овој закон, Собранието на Република Македонија објавува оглас за именување за член на Државната комисија со мандат во траење до истекот на мандатот на разрешениот член.

Член 48-е

Средствата за извршување на функцијата на Државната комисија се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија.

Член 48-ж

(1) За вршење на стручните, административните и техничките работи на Државната комисија се формира Секретаријат како стручна служба на Државната комисија.

(2) Со Секретаријатот раководи генерален секретар кој го именува и разрешува

Државната комисија.

(3) Генералниот секретар и вработените во Секретаријатот на Државната комисија имаат статус на државни службеници.

## Надлежност

Член 49

(1) Државната комисија ги има следниве надлежности:

- донесува државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Акционен план за нејзино остварување;
- донесува годишни програми и планови за остварување на државната програма;
- дава мислења за предлози на закони од значење за спречување на корупцијата;
- покренува иницијатива пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на политичките партии, синдикатот и здруженијата на граѓани и фондации;
- покренува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи за разрешување, распоредување, сменување, или примена на други мерки на одговорност на избрани или именувани лица, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал;
- покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани лица, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал;
- постапува во случаи на судир на јавниот и личниот интерес, определени со закон;
- ја евидентира и следи имотната состојба и промените на имотната состојба на избраните и именуваните лица, и одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал, на начин утврден со овој закон;
- води регистар на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал;
- донесува Деловник за работа;
- поднесува годишен извештај за својата работа и за преземените мерки и активности до Собранието на Република Македонија, а го доставува до претседателот на Републиката, Владата на Република Македонија и средствата за јавно информирање;
- соработува со други државни органи во спречување на корупцијата;
- соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни организации на полето на спречување на корупцијата;
- презема активности на планот на едукацијата на органите, надлежни за откривање и гонење на корупцијата и другите видови на криминал
- врши и други работи определени со закон.
- донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места

во Секретаријатот; и

(2) Државната комисија ја известува јавноста за преземените мерки и активности и за нивните резултати.

## Права, должности и одговорности

Член 50

(1) Членот на Државната комисија има својство на именувано лице.

(2) За својата работа членовите на Државната комисија одговараат пред Собранието на Република Македонија.

Член 50-а

(1) Членот на Државната комисија анкетниот лист и пријавата за промена на имотната состојба ги доставува до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија и до Управата за јавни приходи, а до Државната комисија заради објавување.

(2) Одредбите од овој закон кои се однесуваат на роковите за доставување на анкетниот лист, изјавата и пријавата за промена на имотната состојба соодветно се однесуваат и за членот на Државната комисија.

(3) Барање за испитување на имотната состојба на член на Државната комисија согласно со членот 36 од овој закон до Управата за јавни приходи може да поднесе Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.